Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

23 -11- 2020

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR

Врз основа на член 24 став 7 од Законот за животна средина (Службен весник на Република Македонија бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013, 42/2014, 44/2015, 129/2015 и 39/2016), постапувајќи по барањето на ЗДПТ "МАК-МИНЕРАЛ" ДООЕЛ од Битола, за одобрување на Елаборат за заштита на животната средина број УП1-11/4-1427/2020 од 29.10.2020 година, Директорот на Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање го издава следното

**РЕШЕНИЕ**

**За одобрување на Елаборат за заштита на животната средина**

1. Со ова Решение се одобрува Елаборат за заштита на животната средина со број 05-17/20 од 28.10.2020 година, изготвен од страна на "ГЕОХИДРО ЈОВАНОВ" ДООЕЛ од Скопје, за проект: Експлоатација на минерална вода и гас $CO_2$ од дупнатините Д-2 и Д-3, на локалитетот "с. Кременица" во општина Битола, за потребите на инвеститорот ЗДПТ "МАК-МИНЕРАЛ" ДООЕЛ од Битола.

2. Од доставената документација констатирано е дека со изведбата и функционирањето на проектот: Експлоатација на минерална вода и гас $CO_2$ од дупнатините Д-2 и Д-3, на локалитетот "с. Кременица" во општина Битола, нема да има значителни влијанија врз животната средина.

3. Инвеститорот се задолжува целосно и без исклучоци да се придржува кон пропишаниот режим и мерки за заштита предвидени во Елаборатот за заштита на животна средина, како и кон дополнителни решенија до колку низ изведбата и функционирањето на проектот се покаже потреба од зголемен обем и вид на превенција.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR

## Образложение

Од Ваша страна беше доставен Елаборат за заштита на животната средина за проект: Експлоатација на минерална вода и гас $CO_2$ од дупнатините Д-2 и Д-3, на локалитетот "с. Кременица" во општина Битола, за потребите на инвеститорот ЗДПТ "МАК-МИНЕРАЛ" ДООЕЛ од Битола.

Локацијата на која е предвидена изведбата на проектот: Експлоатација на минерална вода и гас $CO_2$ од дупнатините Д-2 и Д-3, на локалитетот "с. Кременица" е во атарот на с. Кременица во општина Битола.

Координатните точки на дупнатините Д-2 и Д-3 за експлоатација на минерална вода и гас $CO_2$ се следните: Д-2 X = 4 531 143, Y=7 539 719 и Д-3 X= 4 531 128, Y = 7 539 707.

Предметниот Елаборат за заштита на животната средина е изготвен согласно Правилникот за формата и содржината на Елаборатот за заштита на животната средина согласно со видовите на дејностите или активностите за кои се изработува елаборат, како и согласно со вршителите на дејноста и обемот на дејностите и активностите кои ги вршат правните и физичките лица, постапката за нивно одобрување како и начинот на водење на регистарот за одобрени Елаборати (Службен весник на Република Македонија бр. 44/2013 и 111/2014), од страна на "ГЕОХИДРО ЈОВАНОВ" ДООЕЛ од Скопје.

**Правна поука:** против ова Решение може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

в.д. Директор на Управа за животна средина
u.d. Drejtori, Drejtoria për mjedis jetësor
Hisen Xhemaili

Изработил/Përpiloi: Мустафа Камили
Контролирал/Kontrolloi: Александар Петковски
Согласен/Miratoi: Билјана Петкоска


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk